129.

Нова Македонија, 28.V.1965



Од јапонската збирка акварели

ПОДАРОК НА МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

# Единаесет јапонски акварели

Дниве Музејот за современа уметност во Скопје доби една мала, но мошне импресивна збирка на акварели. Автори се — единаесетмина од најдобрите јапонски уметници. Во збирката акварели се наоѓаат по едно дело на Тодао Танака, Тажујин Мошида, Кијоши Мицутани, Кеиши Сујама, Гиииши Минегиши, Такаши Камевари, Ходака Јошида, Какојиро Јакобори, Рентоку Шиницу, Сабуро Курата и Сукенојо Терахата. Со оваа пратка од Јапонија, Музејот за современа уметност од Скопје доби и две графики од Којин Тонејама и Масаи Јошида.

Збирката од Јапонија Музејот ќе ја прикаже на изложбата на подарените дела што ќе биде отворена на 26 јули, годинава.